ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Су.бр.07-10/23

24.03.2023 година

БИТОЛА

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР НА ОСНОВНИОТ СУД БИТОЛА, Силвана Дејаноска, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/22, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место судски соработник– 3-три извршители, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници СУ бр. 04-72/22-1 од 23.03.2023 година, на ден 24.03.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место судски соработник – 3 три извршители се избираат кандидатите:

1. **Фросина Поповска со шифра бр. судски соработник 03**
2. **Горан Проја Димовски со шифра бр. судски соработник 02**
3. **Лихнида Николов со шифра бр. судски соработник 01**

Решение за вработување за избраните кандидати ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основниот суд Битола во дневните весници „ Нова Македонија “ и ,, Коха “ од 27.12.2022 година, објавен е Јавен оглас бр.2/22 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното место судски соработник – 3-три извршители.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, до Судскиот администратор на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа СУ бр. 04-72/22-1 од 23.03.2023 година.

Со ранг листата за работното место судски соработник Комисијата за избор на судски службеници ги предложи кандидатите Фросина Поповска, Горан Проја Димовски и Лихнида Николов со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-листа од 23.03.2023 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го прифати и одлучи за работното место судски соработник да бидат избрани кандидатите Фросина Поповска, Горан Проја Димовски и Лихнида Николов од Битола.

Примерок од Одлуката ќе се достави до избраните кандидати, останатите кандидати кои не се избрани и истата ќе се објави на интернет страната на судот и на огласна табла на судот.

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР
Силвана Дејаноска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката за избор преку овој суд до Советот на судска служба при Врховен суд.

ДНА: избраните кандидати, кандидатите кои не се избрани, интернет страната на судот и на огласна табла на судот.